*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 85 | Година XV | јануари – октомври 2020 г. | *Весник на Општина Аеродром*



# ПАНДЕМИЈАТА НЕ ГО СПРЕЧИ РАЗВОЈОТ НА АЕРОДРОМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015


ПАНДЕМИЈАТА НЕ ГО СПРЕЧИ РАЗВОЈОТ НА АЕРОДРОМ ..3

ПАРКОВИ ........................................................ 4 - 13

ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ........................................ 14 - 18

ОБРАЗОВАНИЕ ................................................ 19 - 29

СПОРТ.............................................................. 30 - 33

ИНФРАСТРУКТУРА ............................................ 34 - 41

УРБАНА ОПРЕМА ..............................................42 - 44

ЕКОЛОГИЈА ......................................................45 - 49

ПАНДЕМИЈА..................................................... 50 - 60

КУЛТУРА........................................................... 61

ЗАБАВА ........................................................... 62 - 63





Прviот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
д-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Гордана АЦЕСКА
м-р Александра МИЛЕВСКА-ПЕТРОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Гордана АЦЕСКА

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани

**Фоторепортери**
Ивана Јовановиќ-Ацковска
Елена Бакраческа
Вангел Тануровски

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Златко Марин

**Печати**
Европа 92 - Кочани

тираж 35.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје




# Пандемијата не го спречи развојот на Аеродром



Почитувани сограѓани,

Пандемијата што ја предизвика коронавирусот и што го погоди целиот свет, не ме спречи во мисијата и третата година од мојот градоначалнички мандат да го посветам на развојот на нашата општина.

Во 2020 година се фокусиравме на подобрување на условите во образованието, спортот, грижата за младите и за ранливите категории. Во буџетот предвидовме средства за изградба на нова детска градинка, за проширување на капацитетот на ООУ „Лазо Ангеловски“ со 4 нови училници и за реконструкција на спортската сала во ООУ „Димитар Македонски“. Ги саниравме објектите на училиштата и градинките и набавивме спортска облека за учениците од спортските клубови во сите училишта и нова опрема за спортските сали. Наскоро во сите училишта ќе се постават фотоволтаици како еколошки извори на енергија, а во две училишта ќе се изградат лифтови за деца со посебни потреби. Исто така, ќе се набават смарт-табли и друга современа ИКТ-опрема за сите училишта. Во 2020 година изградивме и реновиравме дваесетина детски игралишта обложени со лиена гумена подлога, која за првпат е поставена во нашата држава и која ги задоволува сите современи светски стандарди за безбедна игра на дечињата. Исто така, ги заменивме и подобвите на спортските игралишта со нови современи мултифункционални подлоги сертифицирани според стандардите на ФИБА и ИТФ и на тој начин овозможивме безбеден спорт и рекреација за сите.

Субвенциите за новороденчиња ги зголемивме од 5 000 на 8 000 денари, за секое прваче доделуваме по 3 500 денари, за најдобрите спортисти по 10 000 денари, а ќе се покријат и трошоците за обезбедување на училиштата и за ученичките униформи. Ангажираме асистенти за ученици со посебни образовни потреби, а финансиски ќе се поддржат здруженијата на граѓани за проекти што ја поттикнуваат грижата за животната средина и за социјално згрижување деца.

Една од главните ставки предвидени во буџетот за оваа година е заштита на животната средина и повеќе мерки за намалување на аерозагадувањето, при што се погриживме за изградба на нови паркови во Мичурин, Стар Аеродром и Острово. Ќе продолжиме и со доделување субвенции за велосипеди, инвертер-клими и за чистење оџаци, како и за обнова на блоковското зеленило.

Пандемијата не го спречи развојот на Аеродром и во делот на инфраструктурата. Голем дел од буџетот испланиравме за санирање на сервисните улици во урбаниот дел, за доршување на комуналната инфраструктура околу новите згради и за изградба на нови пристапни улици, за поставување нови линии за осветлување, за реконструкција на краците на водоводната мрежа во Долно Лисиче и на фекалната канализација во Горно Лисиче, како и за нова атмосферска канализација.

Продолжуваме со уште посилно темпо и во наредниот период, за поубав и поуреден Аеродром!

Градоначалник на Општина Аеродром
Златко Марин









Мичурин ПРЕД



Мичурин ПОТОА

# НЕКОГАШНАТА ДЕПОНИЈА ПРЕРАСНА ВО ЗЕЛЕНА ОАЗА

Неодамна во употреба беше пуштен нов уреден простор во непосредна близина на Железничката станица во Мичурин. Локацијата што со години претставуваше депонија и напуштено место, сега е претворена во тревна површина, со патеки, клупи и катче за најмладите.

„Оваа локација повеќе од 20 години беше дива депонија и место што претходно никој не нашол за сходно да го среди. Станува збор за површина од над 6 000 квадратни метри, и преку ЈП „Улици и патишта“ во изминатиот период ја исчистивме и исфрливме повеќе од 15 000 кубни метри смет“, изјави градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, изјави дека заедно со Град Скопје се расчисти големата дива депонија во Мичурин, која со години претставуваше место каде што се фрлаше отпад и се загадуваше животната средина. Со изградбата на новите паркови Општина Аеродром им подарува на граѓаните нови зелени катчиња за рекреација и ги облагородува запуштените простори.

И градоначалникот на Општина Центар, Саша Богдановиќ ја поздрави иницијативата да се преуреди ова запуштено место во Мичурин, кое „конечно се претвори во убаво катче на место што со години претставувало лоша слика за нашите општини и за Градот Скопје“.





**СО ИЗГРАДБАТА НА НОВИ ПАРКОВИ И ПОДИГНУВАЊЕ НОВО ЗЕЛЕНИЛО ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОНА ШТО ИМ Е НАЈВАЖНО НА ГРАЃАНИТЕ – ЗДРАВЈЕТО**

ПАРКОВИ





# МИЧУРИН ПО НЕКОЛКУ ДЕЦЕНИИ ДОБИ НОВ УРБАН ПАРК

Мичурин по неколку децении доби нов урбан парк, сместен во срцето на оваа населба. Паркот се протега на површина од 3 573 м2 и е проектиран според сите стандарди.

„Мичуринци конечно добија урбано место за рекреација за сите генерации", изјави градоначалникот Златко Марин. Покрај зелените површини, паркот располага со детско игралиште, пешачки патеки со клупи, комбинирано спортско игралиште за рекреација со современа подлога, место за друштвени игри за младите и возрасните, како и вело-сервис и паркиралиште за велосипеди.








Како новитет треба да се истакне локацијата за артески бунар, чија улога е навремено наводнување на зеленилото. На мичуринци ќе им биде од особено значење локацијата со место за оган по повод Мичуринските средби што традиционално се одржуваат секоја година во овој парк.



# НОВИ САДНИЦИ ВО МИЧУРИН



Општина Аеродром се збогатува со ново зеленило. Во Мичурин се засадија 570 нови садници, со што се надмина бројката од 5 000 засадени дрвја.

Продолжуваме до 10 000!

**За поубав Аеродром!**

*Нови садници засадија и градоначалникот Златко Марин и тогашната вицепремиерка Мила Царовска*











# ПАРКОТ „БОЈМИЈА“ СЕ ГРАДИ ВО ПОЛН ЕК

Аеродром наскоро ќе се збогати со уште еден нов парк. Во населбата Острово почна изградбата на паркот „Бојмија“, кој ќе претставува модерен урбан хортикултурно уреден простор со високи естетски карактеристики.

Паркот е лоциран во непосредна близина на училиштето „Браќа Миладиновци“, а ќе се протега на површина од 5 500 м2. Во рамките на овој простор се предвидени пешачки патеки со павер-елементи прилагодени и за лицата со посебни потреби, детско игралиште, терен за мал фудбал, простор за рекреација со фитнес-справи на отворено, нова урбана опрема, клупи, канти за отпадоци, чешма за пиење вода и фонтана.

Со изградбата на овој парк ќе се збогати зеленилото во општината, што ќе придонесе за зголемување на квалитетот на живеење на жителите од сите генерации.





# НОВ ПАРК НА „ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА“

Аеродромци наскоро ќе добијат нов парк што ќе се протега меѓу булеварот „Трета македонска бригада“ и касарната „Гоце Делчев“.

Урбаниот парк ќе биде со површина од 2 500 квадратни метри и ќе содржи зелени површини, пешачки патеки со клупи, спортско игралиште за рекреација на младите и детско игралиште.

Ги претвораме запуштените простори во убави места каде што граѓаните ќе поминуваат пријатни моменти.



# НОВ ЗЕЛЕН СКВЕР
# ПОКРАЈ БУЛЕВАРОТ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“







Општина Аеродром ќе добие нов, модерно уреден сквер на раскрсницата меѓу булеварот „Јане Сандански“ и улицата „23 Октомври“.

Оваа локација ја уредува Град Скопје во рамките на проектот за редизајнирање на јавните зелени површини.

„Станува збор за простор што ќе биде преуреден во ново катче за одмор и релаксација на жителите од овој дел од Аеродром“, изјави градоначалникот Златко Марин.

Локацијата е избрана од граѓаните како една од седумте локации во Скопје идентификувани во рамките на иницијативата на „Скопје Лаб“ и УНДП што почна во 2018 година. Во овој процес беа вклучени различни возрасни групи граѓани преку користење квалитативни и квантитативни методи за утврдување на потребите на граѓаните што живеат во овој дел од населбата.

# УРЕДЕН ПРОСТОРОТ СПРОТИ АМЕРИКАН КОЛЕЏ

Нова зелена површина се изгради на бул. „Трета македонска бригада“ спроти Американ колеџ. На оваа локација беа исчистени 7 000 м2 шут и отпад. Новиот уреден простор ќе опфати 3 700 м$^2$, со различни содржини, хортикултурно уредување, дрвја, патеки и нова урбана опрема. Наскоро општината ќе биде збогатена со нови паркови на повеќе локации. Наш приоритет е подигнување на што поголем број зелени површини.



*Се грижиме за животната средина*



# НОВ УРЕДЕН ПАРК СПРОТИ ПОЛИКЛИНИКАТА „ЈАНЕ САНДАНСКИ“

Општина Аеродром уреди нов парк спроти поликлиниката „Јане Сандански“ во населбата Стар Аеродром.

На површина од 2 000 м2 се изградени нови пешачки патеки, а се поставени чешма за вода, како и нови клупи и канти за отпадоци. Општина Аеродром го обнови и постојното детско игралиште каде што се поставени нови реквизити за безбедна игра на најмалите.

Исто така, јавното претпријатие „Паркови и зеленило“ ги обнови тревните површини и ги уреди хортикултурно, а се засадени и нови дрвја на оваа локација.

Општината продолжува да ги обновува зелените површини и да подигнува нови зелени катчиња во секој дел од Аеродром.





# ПАРК НА УЛИЦАТА „МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ШАРЛО“

Стар Аеродром ќе добие нов парк, кој се протега покрај улицата „Методија Шаторов Шарло“ на површина од 3 200 м2 и нуди зелени површини, пешачки патеки со клупи, плато со маси и клупи, како и детско игралиште.




# СТАР АЕРОДРОМ ЌЕ ДОБИЕ УШТЕ ЕДЕН ПАРК

Покрај новиот урбан парк на улица „Методија Шаторов-Шарло“, Стар Аеродром ќе добие уште еден парк покрај улицата „Пандил Шишков“.

Паркот ќе биде изграден на површина од 4 112 м2 и ќе понуди дел за седење со урбана опрема, платформа за игри, дел за одмор и релаксација, детско игралиште и зеленило.

„Продолжуваме да градиме нови паркови и да подигнуваме нови зелени површини“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.



# ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДЕН РЕОНСКИ ЦЕНТАР



Некогашниот неуреден простор во Реонски центар го разубавивме и хортикултурно го уредивме. Во соработка со ЈП „Паркови и зеленило“ изградивме нов парк со вграден систем за полевање и нова урбана опрема, а постојното детско игралиште го реновиравме со нова подлога и реквизити.



ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА

# ГУМЕНА ПОДЛОГА ЗА БЕЗБЕДНА ДЕТСКА ИГРА

Детското игралиште зад ТЦ „Бисер“ го обложивме со лиена гумена подлога, која за прв пат е поставена во нашата држава. Подлогата ги задоволува сите современи светски стандарди за безбедна игра на дечињата. Се состои од два слоја, долниот е амортизирачки, кој одозгора е прекриен со втор слој во смирувачки бои за пријатно чувство на нашите најмили. Игралиштето е со површина од 100 м2.

Се грижиме за најмладите!





## ИЗГРАДИВМЕ НОВО КАТЧЕ ЗА НАЈМЛАДИТЕ ЗАД ТЦ „ТРИ БИСЕРИ“.



## НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ СПРОТИ ТЦ „СКОПЈАНКА“ ВО НАСЕЛБАТА МИЧУРИН



Уште едно катче ја надополни детската приказна во Аеродром!
Најмладите добија ново уредено игралиште спроти ТЦ „Скопјанка“ во населбата Мичурин.





# НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ ВО ПАРКОТ „НИРНБЕРГ“

Поставивме нови реквизити во детското катче во паркот „Нирнберг“ во Ново Лисиче. На истата локација поставивме и подлога изработена според сите светски стандарди за безбедна игра на децињата.

Со љубов за најмладите!











# НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ НА УЛИЦА „МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО“

За најмладите изградивме уште едно катче на улица „Методија Шаторов-Шарло“ во населбата Стар Аеродром. Детското игралиште е опремено со нови реквизити што гарантираат безбедна игра.








# СЕ РЕКОНСТРУИРАА ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ

За безбедна игра на дечињата, ги реконструиравме детското игралиште во Долно Лисиче и детското катче „Наше маало“, исто така, во Долно Лисиче.





Реконструкција на детското игралиште во основното училиште „Гоце Делчев“



Острово доби комплетно реконструирано детско игралиште



# ГИ РЕНОВИРАВМЕ УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ

**Општина Аеродром инвестира во подобрување на условите во училиштата, со цел осовременување и унапредување на образовниот процес и обезбедување здрава физичка средина во училиштата што ќе придонесе за нормално функционирање на наставата.**

Општина Аеродром ги реновира и ги реконструира училишните згради што се наоѓаат на нејзина територија. Реновирањето ги опфати сите ѕидарски, столарски, лимарски, молерофарбарски работи, замена на санитарни, електрични уреди, радијатори и сл.



ОБРАЗОВАНИЕ

# ГИ РЕНОВИРАВМЕ УЧИЛИШТАТА

Реновирањето во ООУ „Гоце Делчев“ опфати комплетна реконструкција на тоалетите и ходникот.





Во ООУ „Блаже Конески“ ги сменивме подовите и на тој начин инвестиравме во подобри услови за учениците и обезбедивме здрава средина за нормално функционирање на наставата.





Во ООУ „Ѓоргија Пулевски“ се заменети прозорците и влезната врата, со што се зголеми енергетската ефикасност во училниците и кабинетите. Минатата година во ова училиште со помош на Американската амбасада изградивме лифт за лица со физичка попреченост, а проектиравме лифтови за уште две училишта.



Во основното училиште „Лазо Ангеловски“ во Ново Лисиче пред почетокот на новата учебна година се реконструира оштетениот дел на приодите, а со бехатон-плочки се проширија и се реконструираа веќе постојните патеки. Исто така, бојадисани се и ходниците во училиштето. Се санира и подот на спортската сала. Учениците од ова училиште во рамките на дворот ќе добијат и сосема ново детско катче за безбедна игра во текот на одморите.





ОБРАЗОВАНИЕ

# ГИ РЕНОВИРАВМЕ ГРАДИНКИТЕ

Детската градинка „Буба Мара“ е комплетно реновирана, особено во стариот дел од управата, кој за првпат се реновира по 30 години. Реновирањето опфати стругање на паркетот, лакирање, молерисување, поставување нова инсталација, менување електрика и слично.



Општина Аеродром и натаму ќе вложува и ќе инвестира во иднината на најмладите и ќе се грижи секое дете да расте во подобри и поквалитетни услови.

## Среќен и успешен почеток на градинките во Аеродром







„Од утрово сите градинки на територијата на Општина Аеродром целосно подготвени ги отворија вратите за безбеден прием на децата“, изјави градоначалникот Златко Марин на 9.9.2020 година, првиот ден од отворањето на градинките, на кој присуствуваше и министерката за труд и социјална работа, Јагода Шахпаска во градинката „Буба Мара“ во Ново Лисиче.

При влезот во објектот се запазени сите протоколи за заштита од КОВИД-19, а исто така, предвиден е посебен режим на исхрана, регулирани се одморот, спиењето и играњето на децата. Во објектите е извршена целосна дезинфекција, скрининг, односно тестирање на вработените за КОВИД-19, така што сè е подготвено за безбедно и сигурно згрижување на децата во установите.

Сите објекти на детската градинка „Срничка“ во Општина Аеродром се реновирани и подготвени ги очекуваат дечињата. Се изврши внатрешно и надворешно уредување на градинката, што опфати повеќе зафати, од молерисување, менување електрика, поставување ламинат, реновирање на тоалетите, фарбање на оградата, садење цвеќиња и разубавување на внатрешноста на објектите. Исто така, се изврши дезинфекција и дератизација на објектите, а се поставени и безбедносни камери. Со реновирањето на градинката ќе се подобрат условите за престој на децата, како и условите за работа на вработените.









# СЕ ГРАДИ УЧИЛИШТЕТО „ДИМИТАР МАЌЕДОНСКИ“ ВО НАСЕЛБА ЛИСИЧЕ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, и тогашната заменик-министерка за образование и наука, Елизабета Наумовска, на крајот на учебната 2019/2020 година извршија увид во градежните работи на новиот објект на училиштето „Димитар Македонски“ во населбата Лисиче.

И двајцата констатираа дека работите течат според предвидениот тек и се очекува објектот да биде пуштен во употреба идната година.

„Изградбата на новиот објект е од витално значење за учениците од овој дел на општината“, изјави градоначалникот Марин и посочи дека населбата Лисиче конечно ќе добие современо основно училиште.

Инаку, новото училиште е со површина од 2 840 квадратни метри и со капацитет од 700 ученици организирани во две смени. Ќе биде опремено со најсовремени кабинети, простории за дневен престој, кујна и простории за наставниците.







# ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ПРВАЧИЊАТА

Општина Аеродром и оваа година додели еднократна парична помош на семејствата со прваче во висина од 3 500 денари, за што издвои 2 750 000 денари.

Целта на овој проект е да се олеснат трошоците на родителите за новиот ученик во семејството.






ОБРАЗОВАНИЕ

# ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНЧЕ ВО АЕРОДРОМ ПО 8 000 ДЕНАРИ

Општина Аеродром од 2020 година почна да исплаќа по 8 000 денари за секое новороденче. Субвенцијата за секое новороденче претходно изнесуваше 5 000 денари.

„Во буџетот за 2020 година предвидовме зголемување на поддршката за најмладите, со цел да ги олесниме трошоците на граѓаните и на тој начин да создадеме подобра иднина за сите", изјави градоначалникот Златко Марин.



# НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ!

**Златко Марин:**

Особено ми е драго што имав можност лично да се запознам со најталентираните ученици од осумте основни училишта од Аеродром и да им доделам пофалници за нивниот труд и успех.

И оваа година доделуваме финансиска поддршка од 10 000 денари за најуспешните ученици.

Наша цел е да им помогнеме на учениците да ги остварат своите амбиции и да ги поттикнеме да вложуваат во себе и во својот талент.

**Им посакувам уште многу успеси понатаму!**



# ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“ ДЕЛ ОД ПРОЕКТ ЗА ЕКОЛОГИЈА НА ЕРАЗМУС +



Основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“ од Општина Аеродром беше дел од проектот на Еразмус+ посветен на екологијата што се одржа во Рига, Латвија.

На првата средба во училиштето партнер во Рига присуствуваа координаторот на проектот, наставничката Ана Петровска, наставничките Марија Тодоровска и Теодора Ингилизовска, како и директорот на училиштето Марјан Јовановски.

Учесниците учествуваа во работилница за реклицирање хартија, разменуваа идеи и предлог-мерки за спречување на уништувањето на животната средина, а разменуваа и искуства од образовниот систем и начинот на работа во своите земји.



# ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ РОДИТЕЛИ ОСЛОБОДЕНИ ОД ПЛАЌАЊЕ МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ГРАДИНКА

Општина Аеродром ослободи одредени категории родители од месечен надоместок за престојот на нивните деца во детските градинки, по иницијатива на дел од родителите чии деца се згрижуваат во „Срничка“ и „Буба Мара“. Со одлуката, од плаќање месечен надоместок се ослободуваат следниве категории родители:

- Родители на три деца запишани во градинката се ослободуваат од плаќање месечен надоместок за престој за едно дете;
- Самохран родител со примања до една просечна плата или со други приходи во износ до една просечна плата се ослободува од плаќање месечен надоместок на детето/цата;
- Двајца родители без приходи или самохран родител без приходи (невработени лица) се ослободуваат од плаќање месечен надоместок на детето/цата;
- Двајца родители од кои еден е без приходи (невработено лице), а другиот родител со примања до една просечна плата или со други приходи во износ до една просечна плата се ослободуваат од плаќање месечен надоместок за престој на детето/цата;
- Родители на деца со посебни потреби се ослободуваат од плаќање надоместок за престој на детето/цата;

Ослободувањето се однесува за периодот од 1.9.2020 до 31.12.2020 година, а има цел да им се олесни буџетот на најранливите категории граѓани.



# НОВА СПОРТСКА ОПРЕМА И ОБЛЕКА ЗА УЧИЛИШТАТА ВО АЕРОДРОМ

За првпат од своето постоење, Општина Аеродром набави комплетно нова спортска опрема и спортска облека за сите осум основни училишта на нејзина територија.

Опремата се состои од топки за фудбал, кошарка, ракомет и одбојка, мрежи и голови за ракомет, греди, отскочни штици, душеци, јарци за гимнастички вежби, маси за пинг-понг и многу други спортски реквизити наменети за развој на спортот во училиштата.

Исто така, за учениците е набавена и спортска облека, дресови и шорцеви, во осум различни бои, колку што има основни училишта на територијата на општината.

Аеродром важи за најспортска општина и во таа насока новата опрема ќе придонесе за поуспешен развој на училишниот спорт.











СПОРТ

# ИЗГРАДИВМЕ СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ПАРКОТ ПОКРАЈ УЛИЦАТА „МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО“ ВО СТАР АЕРОДРОМ





СПОРТ

# НОВИ ПОДОВИ НА УШТЕ ПЕТ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА ВО АЕРОДРОМ

## Наш главен приоритет е јакнење на спортскиот дух во Аеродром

Општина Аеродром постави нови мултифункционални подови на спортските игралишта на пет локации, и тоа:

» Спортското игралиште во населбата Острово.
» Паркот кај милениумскиот крст
» Зад ТЦ „Бисер“
» На бул. „Видое Смилевски – Бато“ зад КАМ
» Кај сините кули во Ново Лисиче

Подлогите се со врвен квалитет и се сертифицирани според стандардите на ФИБА и ИТФ. Обезбедуваме безбеден спорт и рекреација за сите!














# „ЕСЕНИНОВА“ ЌЕ ГИ ПОВРЗУВА АЕРОДРОМ И КИСЕЛА ВОДА

Неодамна почна пробивање на новата улица „Есенинова“, која треба да ги поврзе Аеродром и Кисела Вода. Новата улица ќе биде изградена во должина од 730 метри, а ќе почнува од Кисела Вода кај „Рампа“ покрај пругата кон амбулантата „Пролет“ и ќе излегува на булеварот „Трета македонска бригада“. Предвидени се две коловозни ленти и тротоари од двете страни низ Кисела Вода, а потоа четири коловозни ленти пред влезот во Трета македонска бригада. Исто така, ќе се постави улично осветлување со 20 столба и нова водоводна и канализациска мрежа.



Со пробивањето на оваа нова сообраќајница ќе се намали сообраќајниот метеж и ќе се скрати кружењето кај „Тутунски комбинат“, кое во шпицот претставува тесно грло.

Изградбата на улицата ќе ја финансира Град Скопје и ќе чини околу 71 000.000 денари со вклучен ДДВ, а како што кажа градоначалникот Петре Шилегов, ќе биде завршена кон средината на наредната година.

# „ОСЛОБОДЕН“ БУЛЕВАРОТ „ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА“



Булеварот „Трета македонска бригада“, кој четири години беше пресечен со пералница, повторно е проoден без пречки и стеснувања.

Град Скопје го асфалтира делот од булеварот што беше пресечен со пералницата, која поради судски спор, не беше урната додека се градеше булеварот. Овој дел од сообраќајницата се стеснуваше и наместо по две, се возеше по една коловозна лента, претставувајќи црна точка во градот.



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БУЛЕВАР „АСНОМ“





Заврши реконструкцијата на булеварот „АСНОМ“ на потегот од раскрсницата со улица „Васко Карангелески“ до раскрсницата со булевар „Србија“ кај мостот „Близнак“.

Булеварот „АСНОМ“ сега има по три коловозни ленти во двете насоки, пешачки и велосипедски патеки од двете страни на булеварот и средишно зеленило. Целосната реконструкција на овој булевар ја изведе Град Скопје.

Булеварот, преку новиот мост што е веќе во изградба, треба да се поврзе со населбата Керамидница во Општина Гази Баба, а оттука и Аеродром ќе добие нова сообраќајна релација кон Центар кај поранешен Скопски саем.

Чекор по чекор, Аеродром добива една поинаква приказна.





ИНФРАСТРУКТУРА

# СЕ ГРАДИ НОВ МОСТ ВО АЕРОДРОМ



Општините Аеродром, Гази Баба и Центар за помалку од две години ќе бидат поврзани со нов мост и модерно булеварско решение што ќе го олесни сообраќајот во овој дел од Скопје.




Ова неодамна го изјави градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, кој заедно со градоначалниците на трите општини, Златко Марин, Борче Георгиевски и Саша Богдановиќ, изврши увид во градежните работи за проширувањето на булеварот „АСНОМ“ и изградбата на новиот мост на реката Вардар што ќе ги поврзува улиците „Васко Карангелески“ во Аеродром и „Индустриска“ во населбата Ќерамидница во Гази Баба.

Со реализацијата на овој проект значително ќе се растовари сообраќајот и од Ново Лисиче до Судска палата со автомобил ќе се стигнува за 5 минути, со автобус за 10 минути, со велосипед за 18 минути, а со пешачење за 35 минути. Со тоа, граѓаните на овие три општини ќе заштедат и до 20 минути од времето поминато во сообраќај доколку ја изберат оваа рута.

# СЕ РЕКОНСТРУИРААТ ПАРКИРАЛИШТАТА ВО НАСЕЛБАТА ЈАНЕ САНДАНСКИ



„Со задоволство можам да го означам почетокот на реконструкцијата на овој паркинг кој се протега по должината на булеварот Јане Сандански, почнувајќи од ООУ Ѓорѓија Пулевски, па се до раскрсницата со булеварот Србија“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.

Станува збор за едно од најфреквентните места во нашата Општина, а покрај жителите од околните згради, овој паркинг редовно го користат и посетители на трговските центри, кои се наоѓаат во непосредна близина и затоа цениме дека е од голема важност неговото уредување.

Вкупната површина е 36 илјади квадратни метри, а во 4 фази ќе се реконструираат сите паркинзи, како и сервисните улици и тротоарите на овој потег. Потоа во соработка со ЈП „Градски паркинг“ ќе ги обележиме паркинг местата и ќе поставиме нова вертикална и хоризонтална сигнализација за целосна безбедност на граѓаните.

Очекуваме реконструкцијата да биде целосно завршена за околу 4 месеци и однапред им благодариме на жителите за нивното разбирање и трпение. Подобрувањето на инфраструктурата е од големо значење за сите нас.





# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МАРИН ГО ПОТПИША МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА СО ВЛАДАТА

Во март годинава градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, заедно со другите градоначалници го потпиша Меморандумот за разбирање во процесот на имплементација на „Проектот за поврзување на локални патишта“.

Со реализацијата на проектот се предвидува изградба и реконструкција на локални патишта и улици, подобрување на транспортот на граѓаните, стоките и услугите, како и зголемување на безбедноста во сообраќајот.

Проектот во висина од 70 милиони евра е финансиран со средства од Меѓународната банка за обнова и развој.

Продолжуваме посветено да ја подобруваме инфраструктурата во нашата општина.



# И ГОДИНАВА ДОДЕЛУВАМЕ СУБВЕНЦИИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ

Општина Аеродром објави оглас во кој ги повикува граѓаните да аплицираат за субвенции за велосипеди. Повикот се реализира по принципот „прв дојден, прв услужен“, а едно лице може да поднесе едно барање за добивање надоместок за еден велосипед. Секој полнолетен жител на Општина Аеродром што купил велосипед во тековната 2020 година може да достави барање за поврат на средствата во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000 денари, со вклучен персонален данок на доход.

Целта на овој проект е да се поттикнат граѓаните што помасовно да го користат велосипедот како превозно средство, што ќе овозможи да се растовари сообраќајниот метеж, но и да придонесе за почист воздух и поздрава животна средина.




Се асфалтира улица „20“ во Долно Лисиче



Општина Аеродром изврши комплетна реконструкција и обнова на улица „20“ во Долно Лисиче. Обновата на оваа улица опфати површина од околу 4 200 м2 со тротоари од бехатон.

Претходно, жителите од овој дел на општината добија реконструиран пат Јурумлери – Драчево, реконструирана „улица 4“, како и санирани повеќе улици.

Продолжуваме интензивно да работиме на изградба на нова, како и на подобрување на веќе постојната патна инфраструктура во сите делови на општината.



ИНФРАСТРУКТУРА

## Санација на пешачките патеки







Општина Аеродром продолжува со редовна санација на пешачките патеки, како и со поплочување нови површини со цел создавање нови паркинг-места.

Неодамна беше поплочен нов простор кај трговскиот центар „Три бисери“, со што се обезбедија нови паркинг-места за потребите на жителите од тој дел на општината.

Исто така, службите извршија редовна санација на пешачките јавни површини во непосредна близина на детската градинка „Лале“ во населбата Јане Сандански.

## Нови пешачки патеки на улица „Коста Новаковиќ“



Улицата „Коста Новаковиќ“ за првпат по повеќе децении доби нови пешачки патеки со површина од 3 500 м2, со павер-елементи во боја и со нови рабници.

## Пешачки патеки до детските игралишта



Се поплочија приодите до детските игралишта.
Обезбедуваме услови за сигурна и безбедна детска игра.





# ПОСТАВЕНИ ЗАШТИТНИ СТОЛПЧИЊА ВО СТАР АЕРОДРОМ

**Им даваме предност на пешаците. Наш приоритет е безбедноста на децата и на сите учесници во сообраќајот.**

Општина Аеродром постави заштитни столпчиња по должината на улицата „Методија Шаторов-Шарло“, како и на други локации во Стар Аеродром.

Со овој потег се става крај на непрописно паркираните возила и се овозможува непречено одвивање на сообраќајот во овој дел од општината.

Во наредниот период ќе бидат поставени столпчиња и на други локации со цел да се олесни движењето на сите учесници во сообраќајот.







# ПОСТАВУВАМЕ НОВА УРБАНА ОПРЕМА

Ги заменивме старите клупи за седење со нови, кои имаат современ дизајн. Исто така, извршивме замена и на старите канти за отпадоци, кои се попрактични.

Нова урбана опрема се постави во Ново Лисиче, и тоа во паркот „Нирнберг“, на булевар „Видое Смилевски-Бато“ кај зградите 39, 41 и 43, како и на игралиштето „Печурка“ во близина на Детската улица „Тоше Проески“.

Активностите за уредување на јавните површини ќе продолжат и во наредниот период и на други локации на целата територија на општината, со цел да го подигнеме нивото на хигиена и да обезбедиме почист и поквалитетен живот за граѓаните.



## ПОПРАВКА НА ОШТЕТЕНИТЕ КАНТИ ЗА ЏЕБЕН ОТПАД!

✅ Ги менуваме и ги поправаме старите оштетени канти за џебен отпад низ целата општина. Во оваа фаза се опфатени околу 300 канти.

✅ Одржувањето на јавните површини е наша должност, но грижата за чистотата е еднаква за сите нас.

Заедно можеме да придонесеме за почиста животна околина!



# НОВИ ЧЕШМИ ЗА ПИЕЊЕ ВОДА ВО АЕРОДРОМ

Општина Аеродром постави нови чешми за пиење вода на 30 локации низ општината. Новите чешми се со посовремен дизајн, со горен и долен сливник, со временски потисен вентил (тастер) и со автоматска деактивација до 10 секунди. Со поставувањето на новите чешми се постигнува значителна заштеда на вода.














Покрај редовното косење на тревата, комуналните служби вршат и машинско метење на јавните површини низ Аеродром.





Комуналните служби на Општина Аеродром редовно ја косат тревата

# АКЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ КАБАСТ ОТПАД

Во текот на летото беше организирана акција за бесплатно собирање кабаст отпад.

За таа цел, на неколку локации беа поставени контејнери за собирање кабаст отпад. Фрлањето на кабастиот отпад на јавна површина надвор од најавените акции за собирање е казниво со закон.





# СЕ ЧИСТЕШЕ ДЕПОНИЈАТА ВО БАНОВИНА

Комуналните служби на Општина Аеродром спроведоа акција за расчистување на дивата депонија во местото познато како Бановина во Горно Лисиче.

Со цел да се зачува животната средина, Општина Аеродром апелира до граѓаните да се однесуваат совесно и да не фрлаат отпад на јавни површини и надвор од соодветните места за отпад, во спротивно, следуваат казни согласно со законот.





# ОТСТРАНЕТЕ ГИ ХАВАРИСАНИТЕ ВОЗИЛА ОД ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ!

Општина Аеродром ги известува сопствениците на хаварисани и нерегистрирани возила дека е потребно да ги отстранат од јавните површини во најкраток можен рок.

Во спротивно, овие возила, приколки и камп-приколки што се паркирани на плочници и тревници веднаш ќе бидат отстранети од надлежните служби.

Паркирањето на вакви возила на јавни површини е забрането и тие покрај тоа што ја нагрдуваат сликата за Општината, претставуваат и опасност за граѓаните и за животната средина.



Еколинија за бесплатно исфрлање на старите електрични уреди

# БИДИ ОДГОВОРЕН ЗА СЕБЕ И ЗА ДРУГИТЕ!

Друштвото за управување со отпад „Нула отпад“ во соработка со Општина Аеродром неодамна отвори ЕКОЛИНИЈА 070/236-000, преку која граѓаните и компаниите на територијата на Општина Аеродром можат секој работен ден да пријават стар или неисправен електричен и електронски отпад и бесплатно да се ослободат од него.

По пријавата, стручните екипи на „Нула отпад“ ќе извршат бесплатно преземање од прагот на нивниот дом или канцеларија. Уредите треба да се исклучени од вода и струја и да се на достапно место за преземање.

Еколинијата како бесплатен сервис е отворена со цел граѓаните да можат на правилен начин да се ослободат од електричниот и електронскиот отпад, кој содржи екстремно токсични, често канцерогени супстанции, што доведуваат до нарушување на здравјето и загадување на животната средина.

Во насока на заштита на животната средина и човековото здравје, Општина Аеродром и „Нула отпад“ ги охрабруваат граѓаните да ја користат еколинијата како безбеден, лесен и сигурен начин за правилно ослободување од опасниот отпад.




Почнуваме со реорганизација на комуналните активности. Општина Аеродром секогаш во служба на аеродромци за чиста и здрава околина.





ЕКОЛОГИЈА

# САДНИЦИ ВО ЧЕСТ НА ТОШЕ

Во чест на Тоше Проески, Општина Аеродром ја разубави Детската улица во Ново Лисиче што го носи неговото име. Имено, стотината жардињери во должина на патеката се збогатени со нови зимзелени и грмушести садници. На тој начин, граѓаните имаат можност да уживаат во прекрасното место за прошетка, одмор и релаксација.





## НОВИ САДНИЦИ ОКОЛУ ПАРКОТ НА ЕЗЕРАТА

Продолжуваме да ја раззеленуваме општината. Неодамна засадивме нови садници околу Паркот на езерата. Овие активности ќе се одвиваат и во наредниот период на други локации.



## ЗАСАДЕНИ 40 КИПАРИСИ ВО ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“

Учениците од училишниот спортски клуб на основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“ насадија 40 садници од видот кипарис во училишниот двор, со цел да создадат поубава и поздрава животна средина.



# ОПШТИНА АЕРОДРОМ – 15 ГОДИНИ ГОРДОСТ

Под мотото „15 години гордост“ на 12 април Општина Аеродром требаше да го прослави својот 15. роденден со голема хуманитарна забава, на која требаше да настапат познати естрадни уметници, а учениците од основните училишта во Општината да организираат пригодни активности.

За жал, околностите со корона вирусот не дозволија 15-годишниот јубилеј да се одбележи со голем традиционален собир на граѓани, ниту на свечен начин да се доделат признанија на заслужни граѓани во Општината.

Сепак, со низата успешни активности што ги организиравме во справување со светската здравствена криза, го оправдавме епитетот од мотото и можеме да кажеме дека сме горди на ефектите што досега се постигнуваат, но и со високото ниво на дисциплина што ја покажаа жителите на нашата општина, почитувајќи ги мерките на Владата против сериозната зараза.

Уште по донесувањето на првите мерки за заштита, им организиравме онлајн-настава на учениците, обезбедивме компјутери за учениците од социјално ранливите категории, секојдневно вршиме дезинфекција и чистење на јавните површини, како една од мерките за заштита од КОВИД-19. Заедно со маркетите и рестораните им овозможивме на граѓаните да вршат нарачки од неопходните продукти, кои потоа им се доставуваат до домовите за време на полицискиот час, како и на земјоделците непречено да се движат за време на викендите за да можат да ги извршуваат тековните земјоделски работи. Обезбедивме дезинфекциски средства и држачи за влезовите на станбените згради, а мобилни тимови на Општина Аеродром и на Црвен крст им поделија заштитни маски и ракавици на станарите на Домот за стари лица „Аеродром“, како и на дежурните вработени во СВР – Скопје. Овие мобилни тимови даваат поддршка на сите лица што не се во можност сами да се снабдат со прехранбени продукти и лекови. За поттикнување на културно-забавниот живот во домашни услови, за граѓаните организиравме емитување претстави од традиционалниот фестивал на комедијата „Гола месечина“.

„Горди сме што можеме, вам, на граѓаните, да ви овозможиме подобри услови за живот и во време на криза и ве уверуваме дека така и ќе продолжиме и во наредниот период, со надеж дека што побргу заедно ќе ја надминеме оваа непосакувана состојба. Нека ни е среќен роденденот и наскоро да се видиме во нормални услови кога ќе можеме повторно да се дружиме на нашите традиционални манифестации!“ – им порача на граѓаните градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, по повод јубилејниот роденден на Општината.

# ОНЛАЈН-СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ

Како една од мерките за заштита од коронавирусот во услови на вонредна состојба, Советот на Општина Аеродром во април почна да ги одржува седниците онлајн, согласно со Уредбата со законска сила за примена на Законот за локална самоуправа за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ број 84/2020 и 95/2020).










# БЛАГОДАРНОСТ ДО ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

Градоначалникот Златко Марин заедно со своите колеги од другите скопски општини вршеа обиколка на повеќе полициски пунктови низ градот, а го посетија и СВР Скопје за време на „карантинските“ денови, со цел да искажат голема благодарност до полициските служби за деноноќната грижа за безбедноста на граѓаните за време на полицискиот час. Тие, исто така, упатија благодарност и до граѓаните за нивниот висок степен на одговорност и почитување на препораките за заштита на јавното здравје за време на вонредната состојба.






# ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА УЧИЛИШТАТА, ГРАДИНКИТЕ, ДОМОТ ЗА СТАРИ...

Како една од мерките за заштита и превенција од вирусот КОВИД-19 беше дезинфекција на сите објекти на училиштата и градинките на територијата на Општина Аеродром, потоа сите влезови на Домот за стари лица „Аеродром“, детските и спортски игралишта, контејнерите, кантите за отпадоци, како и целокупната урбана опрема.



# ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ



Службите на Општина Аеродром за време корона-кризата вршеа засилена дезинфекција на јавните површини низ општината. Во текот на овие акции беа опфатени парковите, плочниците, патеките и пристапните улици.

Ваквата динамика беше воведена како една од превентивните мерки за спречување на ширењето на коронавирусот.









ПАНДЕМИЈА

# ЗАШТИТНИ МАСКИ И РАКАВИЦИ ВО ПЕНЗИОНЕРСКИОТ ДОМ И СВР – СКОПЈЕ



Мобилни тимови на Општина Аеродром и Црвен крст им делеа заштитни маски и ракавици на станарите на Домот за стари „Аеродром“, како и на дежурните вработени во СВР – Скопје.

# ИЗВИДНИЦИТЕ ПОМАГАА ВО МАРКЕТИТЕ ВО АЕРОДРОМ

Извидници од два одреда од Центар и Аеродром, „Јадран“ и „Браќа Миладиновци“, помагаа во маркетите на територијата на Општина Аеродром.

Во помошта се вклучија и сезонските работници од Општината, кои воспоставуваа ред меѓу купувачите и им помагаа на касиерите при пакување на производите.

**Им благодариме за нивната поддршка, солидарност и несебична помош во борбата со справувањето со КОВИД-19.**





# ДЕЗИНФЕКЦИСКИ СРЕДСТВА И ДРЖАЧИ ЗА СИТЕ ВЛЕЗОВИ НА ЗГРАДИТЕ






Општина Аеродром обезбеди и подели дезинфекциски средства и држачи за влезовите на станбените згради, како дел од мерките за превенција и заштита од КОВИД-19.

Општина Аеродром и градоначалникот Златко Марин упатија апел до граѓаните да се придржуваат до превентивните мерки за заштита од коронавирусот и да ги следат упатствата од Министерството за здравство.

# БЛАГОДАРНИЦИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ШТО УЧЕСТВУВАА ВО „ТВ-УЧИЛНИЦА“

Општина Аеродром им додели благодарници на наставниците што се вклучија во реализација на проектот „ТВ-училница“.

Овој проект беше правен и приспособен според наставната програма на основните училишта и изобилуваше со забавни елементи, со цел најмладите да се вклучат и да учествуваат во неа. „ТВ-училница“ се емитуваше секојдневно на јавниот сервис и претставуваше дополнување на воспитно-образовниот процес во основните училишта. Наставниците изразија благодарност и посочија дека секоја новина во образованието за нив претставува предизвик и можност како за нивни личен развој, така и за надградба во образовниот процес.

### БЛАГОДАРНИЦИ ИМ СЕ ДОДЕЛЕНИ НА НАСТАВНИЦИТЕ:

1. Марина Спасовска – ООУ „Димитар Македонски“
2. Добрила Дукоска-Илиоска – ООУ „Ѓорѓија Пулевски“
3. Марија Биковска – ООУ „Ѓорѓија Пулевски“
4. Теодора Ингилизовска – ООУ „Ѓорѓија Пулевски“
5. Анета Велкоска – ООУ „Браќа Миладовци“
6. Маја Глигоровска – ООУ „Браќа Миладиновци“
7. Ивана Краљевска – ООУ „Браќа Миладиновци“
8. Магдалена Петреска – ООУ „Лазо Ангеловски“
9. Деан Стојанов – ООУ „Браќа Миладиновци“
10. Блашка Узунска – ООУ „Гоце Делчев“
11. Маја Вељиќ – ООУ „Гоце Делчев“
12. Сузана Павловска – ООУ „Гоце Делчев“
13. Лилјана Анчевска – ООУ „Гоце Делчев“
14. Лидија Манаскова – ООУ „Гоце Делчев“
15. Марјан Чивчистов – ООУ „Александар Македонски“
16. Билјана Мирковиќ – ООУ „Блаже Конески“
17. Јадранка Клисарова – ООУ „Блаже Конески“
18. Софче Христовска – ООУ „Александар Македонски“
19. Оливера Божинова – ООУ „Димитар Македонски“
20. Душко Петковски – ООУ „Ѓорѓија Пулевски“
21. Сања Станисавовска – ООУ „Љубен Лапе“
22. Каролина Насковска – ООУ „Димитар Македонски“.


ОПШТИНА АЕРОДРОМ

доделува

ПОФАЛНИЦА

за

учество во „ТВ-училница“ и успешно претставување во воспитно-образовниот процес

Скопје, 2020 година

Градоначалник
Златко Марин





# ОНЛАЈН-НАСТАВА ВО УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА

Наставниците по физичко образование од основните училишта од Општина Аеродром подготвуваа видеовежби наменети за учениците во домашни услови.

Училиштата и градинките во Општина Аеродром од почетокот на пандемијата до крајот на учебната година успешно го спроведоа алтернативниот начин на настава, т.н. онлајн-настава, користејќи ја платформата „Гугл класрум“ (Google classroom). Речиси сите ученици го прифатија овој начин на е-настава и пристапија кон извршување на своите задачи зададени од нивните наставници.

Овој вид настава беше применет како резултат на вонредните услови на територијата на државата предизвикани од болеста КОВИД-19.

Благодарност до целиот наставен и стручен кадар во училиштата и градинките, тимот на Општината и родителите! Само заедно и посветено можевме успешно да го надминеме овој тежок период зад нас, а подготвени сме да се соочиме и со предизвиците во периодот што доаѓа.







Сите информации и мерки за превенција во врска со КОВИД-19 можете да ги најдете на веб-страницата на Општина Аеродром: www.aerodrom.gov.mk со кликнување на банерот од левата страна на менито.




# КОМПЈУТЕРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ




Училиштата во Општина Аеродром обезбедија компјутери за учениците од социјално ранливите категории, со цел непречено одвивање на онлајн-наставата. На овој начин, сите ученици добија можност да се вклучат во алтернативниот вид настава преку платформата „Гугл класрум“. Според Министерството за образование и наука, онлајн-наставата стана задолжителна, а преку е-платформата се овозможи двонасочна комуникација меѓу наставникот и ученикот, како и размена на податоци.

Во Општина Аеродром успешно се одвиваше овој вид настава во сите училишта и детски градинки, а се спроведе како резултат на затворањето на училиштата и мерките на Владата за спречување на ширењето на КОВИД-19.



# И ГОДИНАВА УСПЕШНО ИЗДАНИЕ НА „ГОЛА МЕСЕЧИНА“

Традиционалниот фестивал на комедијата „Гола месечина“ и оваа година се одржа во организација на Општина Аеродром и НУ „Театар комедија“ и покрај пандемијата. Годинава се одиграа 6 претстави на фудбалското игралиште покрај детската градинка „Сонце“ во Реонски центар, почнувајќи од 28 септември до 3 октомври, според сите утврдени протоколи за организирање манифестации од отворен карактер.

На крајот свечено беа доделени и награди за учество на сите претставите на годинешното ревијално издание.

Наградата за животно дело „Анче Џамбазова“ му беше доделена на доајенот Ѓокица Лукаревски.

Публиката уживаше во урнебесните комедии „Чао пријатно“, „Партија реми“, „Имотот на агата“, „Првин ќе ме земеш, после ќе ме...“, „Како мене Пјаф“ (кабаре) и во стендап-настапот на актерот Марјан Ѓорѓиевски. Сите вечери беа исполнети со многу смеа и позитивна енергија од верната публика на фестивалот, која годинава беспрекорно ги почитуваше сите поставени стандарди и протоколи.




# ОДБЕЛЕЖАНА ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА ЈАНЕ САНДАНСКИ



На 18 мај беше одбележана 148-годишнината од раѓањето на истакнатиот македонски револуционер Јане Сандански. По тој повод, делегација на Општина Аеродром предводена од градоначалникот Златко Марин положи цвеќе пред споменикот „Јане Сандански“. На одбележувањето присуствуваа и претставници на Советот на Општината, на основните училишта и градинките, како и пензионери од Здружението „Солидарност – Аеродром“.

Идеалите и заложбите на големиот македонски визионер се заедничка обврска за единство и сплотеност на сите наши граѓани.

# ГО ПОДДРЖАВМЕ КОЊИЧКИОТ МАРШ

Општина Аеродром и годинава го поддржа традиционалниот „Илинденски марш 2020“, но овој пат без големи собири, а од безбедносни причини поради пандемијата, изостана и вообичаената музичка програма.



Коњичкиот марш стартуваше од паркот „Јане Сандански“, каде што им беше предадено општинското знаме на коњаниците, а заврши на 2 август во Крушево, каде што коњаниците положија цвеќе на споменикот на Мечкин Камен, со што се одбележа најголемиот македонски национален празник – Илинден.

На 42-от коњички марш што го организира Здружението на граѓани од Горно Лисиче „Илинденски марш 1978“, годинава учествуваа дваесет коњаници.

# МУЗИЧКИ ХЕПЕНИНГ НА ПОКРИВ

Со многу енергија и позитивна атмосфера се одржа првиот музички хепенинг на покривот на „Џевахир скај сити“ за време на празничниот викенд по повод Денот на трудот, 1 Мај.

Станарите на комплексот „Џевахир скај сити“, жителите на Аеродром и другите граѓани од целата држава приклучени на лајфстрим-преносот уживаа од своите домови во музичкиот настап во живо на Наде Талевска и Горан Наумовски, Trinity Strings и DJ Todoroff. Тие настапија од покривот на една од кулите на „Џевахир скај сити“, поточно од 41. кат од кулата А, на висина од 130 метри.

Целта на овој уникатен музички настан пренесуван во живо, што го организираа Општина Аеродром и Џевахир скај сити, беше да се анимираат граѓаните секој од својот дом, иако одвоени, сепак заедно да поминат убава вечер во дружба и забава.



**Одвоени, а сепак заедно „ROOFTOP Live Music“**














ОПШТИНА
АЕРОДРОМ
ЗА ЧИСТ И ЗЕЛЕН АЕРОДРОМ
GREEN MACHINES